РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3902/2

18-04-2023 г./v.

(2019)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-тата седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3902/1 од 15.08.2019 година, со наводи за неправилности во постапка за вработување на повеќе извршители во /// во текот на 2018 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во доставената пријава нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, при што изнесените наводи не даваат основа за преземање на дејствија од страна на ДКСК согласно нејзините законски надлежности.

Предметот со број 12-3902/1 од 15.08.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 15.08.2019 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапка за вработување на повеќе извршители во /// во текот на 2018 година, и оформен е предмет број 12-3902/1 од 15.08.2019 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни дејствија на конкретни лица, изнесува повеќе забелешки во однос на спроведена постапка по оглас кои се однесуваат на рокот во кој била извршена селекција, на селекцијата на кандидати наспроти утврдената ранг-листа и на постапката за известување на неизбраните кандидати.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, и дека воедно, нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава), по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска